**Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија** **PEFC BS 07:2021**

# Процедури за издавање на дозвола за употреба на PEFC трговска марка

Име на документот: Процедури за издавање на дозвола за употреба на PEFC трговска марка

Одобрено од: Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија

Датум на издавање: 10.06.2021

Датум на влегување во сила: 10.06.2021

**Вовед**
На основа на PEFC ST 2001:2020 PEFC Trademark Rules – Requirements, Националните тела за управување (НТУ) кои учествуваат во PEFC Балкански Систем за Сертификација на Шуми (БССШ) го усвоија овој документ за да ги презентираат деталните процедури за издавање на дозвола за употреба на PEFC трговската марка.

**1. Опфат**
Овој документ ги поставува правилата за издавање на дозвола за употреба на PEFC трговската марка, во текстот понатака "дозвола", од страна на Советот за ОСШ со која се обезбедува легална употреба на PEFC трговската марка во согласност со документот PEFC Trademarks Rules – Requirements, PEFC ST 2001 (последна важечка верзија).

Во процесот на донесување на БССШ три НТУ од Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина учествуваа и го усвоија PEFC Балкански Систем за Сертификација на Шуми.
Овој документ може да им послужи и на други PEFC членки од земјите кои припаѓаат или граничат со Балканскиот Регион доколку имаат желба да се приклучат кон БССШ и ако се решат да ги прифатат принципите на истиот со прифаќање на системската документација, покрај стандардот за одржливо стопанисување со шуми (ОСШ).

БССШ ги поддржува напорите на новите земји кои сакаат да се приклучат кон овој систем и со тоа ги поддржува глобалните заложби на PEFC за ОСШ во светот.

Советот за ОСШ е авторизиран од страна на Советот на PEFC да издава дозвола на ентитети од Северна Македонија како и за локации во други земји за ентитети кои учествуваат во мулти-сајт сертификација за Chain of Custody сертификација, кои имаат централна канцеларија во Северна Македонија.

**2. Нормативна поврзаност**
- PEFC ST 2001, PEFC Trademarks Rules – Requirements, most recent version;
- PEFC ST 2002, Chain of Custody of Forest and Tree Based Products – Requirements, most recent version;
- PEFC Guide, Administration of PEFC Scheme, most recent version;

**3. Поими и дефиниции**
<u>Акредитиран сертификат</u>
Сертификат издаден од страна на Тело за Сертификација (ТС) во рамки на опфатот на нивната акредитација кој на себе го носи симболот на Телото за Акредитација (ТА).

<u>Препознаен сертификат</u>

а) Валиден, акредитиран сертификат за ОСШ издаден на ентитет регистриран во Северна Македонија, од страна на ТС кое е назначено од Советот за ОСШ, во согласност со барањата на PEFC Националниот стандард за ОСШ во Северна Македонија.

б) Валиден, акредитиран сертификат за Chain of Custody издаден на ентитет регистриран во Северна Македонија, од страна на ТС кое е назначено од Советот за ОСШ, во согласност со PEFC ST 2002 (most recent version), Chain of Custody of Forest and Tree Based Products – Requirements.

**4. Услови за издавање на дозвола**
<u>Генерални услови</u>
Апликантот кој аплицира за дозвола мора да:
а) биде правно лице
б) да е согласен идентификацијата на ентитетот и другите информации да се јавно достапни на Информацискиот Регистар на PEFC.

<u>Посебни услови</u>
Група на корисници Б: Сопствениците на шума/корисниците мораат да:
а) поседуваат валиден сертификат за ОСШ, издаден од страна на назначено ТС, во согласност со PEFC Националниот стандард за ОСШ Северна Македонија, признаен од страна на Советот на PEFC;
б) потпишат договор за употреба на PEFC трговска марка со Советот за ОСШ.

Група на корисници Ц: индустрија поврзана со шумите, мора да:
а) поседуваат валиден сертификат за Chain of Custody, издаден од  издаден од страна на назначено ТС, во согласност со PEFC Chain of Custody standard PEFC ST 2002 (most recent version), признаен од страна на Советот на PEFC;
б) потпишат договор за употреба на PEFC трговска марка со Советот за ОСШ.
Ентитетот кој поседува мултисајт сертификат за Chain of Custody со централно седиште кое се наоѓа во Северна Македонија може да аплицира за мулти дозвола која го покрива целиот или дел од мулти сајт сертификатот доколку:
- централното седиште и другите локации се дел од едно правно лице или
- централното седиште и другите локации се дел од една компанија со еден менаџмент и организациска структура.

Група на корисници Д: останати корисници, мора да:
а) ја идентификуваат целта за употреба на PEFC трговската марка, која не е во спротивност со целите и добрата репутација на Советот на PEFC;
б) да е регистриран во Северна Македонија;
в) да потпише договор за употреба на PEFC трговска марка со Советот за ОСШ.

**5. Процес за издавање на лиценца**




**6. Постапка за управување со податоци**
6.1. Со цел да се издаде лиценца за користење на трговската марка PEFC, Советот за ОСШ може да собира некои лични податоци за корисниците на трговските марки. Собраните лични

податоци вклучуваат: полно име на лицето за контакт, адреса на е-пошта и телефонски број. Овие информации се неопходни за нормално функционирање на системот за сертификација по PEFC. Тие се јавно достапни на веб-страниците на PEFC (веб-страници на Советот на PEFC и веб-страната на Советот за ОСШ), а PEFC може да ги сподели со трети страни ограничени на и исклучиво за целите на сертификација. Овие податоци се неопходни за да се обезбеди функционирање на системот за сертификација по PEFC, како што е следење на валидноста на лиценците за употреба на заштитни знаци и сертифицираните производи, од страна на потрошувачите и трети лица.

6.2. Личните податоци за корисниците на трговската марка се чуваат јавни во траење од пет (5) години по завршувањето на важноста на лиценцата за користење на трговската марка. Податоците потоа ќе се складираат во внатрешна база на податоци за да се следат лиценците. На барање, Советот за ОСШ може да им обезбеди на корисниците на трговски марки информации за личните податоци што ги поседува. Корисниците на трговската марка имаат право да пристапат или да ги потврдат нивните лични податоци и да ги менуваат, корегираат или бришат во секое време. Доколку корисниците на трговската марка би сакале да остварат едно од овие права за заштита на податоците, тие можат да контактираат со PEFC на е-пошта на Советот за ОСШ: pefcmk@gmail.com.

6.3. Со потпишување на договорот за користење на PEFC трговската марка, корисниците се согласуваат со оваа процедура за третман на податоци. Во случај корисниците на трговската марка да не сакаат овие информации да бидат јавно достапни, лиценцата за користење на PEFC трговската марка ќе се откаже.

6.4. Дополнителни информации за третманот на податоците на Советот на PEFC се достапни од Советот на PEFC.

**7. Валидност на дозволата**
Дозволата е валидна за следниот период:

**Корисници од група Б:** Договорот за употреба на PEFC трговската марка влегува во сила кога ќе биде потпишан од двете страни. Тој останува валиден додека е признаен сертификатот за ОСШ од Советот за ОСШ и се додека корисникот на трговската марка ги користи заштитните знаци PEFC во согласност со PEFC Стандардот, Правилата – Барањата за трговски марки PEFC (најновата верзија), како што е наведено сега и како што може да се измени од страна на Советот на PEFC од време на време.

**Корисници од група Ц:** Договорот за употреба на PEFC трговската марка влегува во сила кога ќе биде потпишан од двете страни. Тој останува валиден додека е признаен Chain of Custody сертификатот од Советот за ОСШ и се додека корисникот на трговската марка ги користи заштитните знаци PEFC во согласност со PEFC Стандардот, Правилата – Барањата за трговски марки PEFC (најновата верзија), како што е наведено сега и како што може да се измени од страна на Советот на PEFC од време на време.

в) Корисници од група Д: Договорот за употреба на PEFC трговската марка влегува во сила кога ќе биде потпишан од двете страни и има важност во траење од една година. Тој автоматски се обновува годишно додека корисникот на трговската марка ги исполнува своите одговорности и ја користи трговската марка на PEFC во согласност со PEFC Стандардот, Правилата - Барања за трговски марки PEFC (последна верзија), како што е наведено сега и како што може да се менува од време на време Советот на PEFC и договорот.

**8. Апликација за лиценца за користење на PEFC трговска марка**
Организациите ќе аплицираат за лиценца за користење на PEFC трговска марка директно на веб-страницата на PEFC генератор на етикети или до Советот за ОСШ.

**9. Еднократна употреба на PEFC трговска марка**

Кога се користи PEFC трговската марка во написи во печатот или за научно-истражувачки написи, не е неопходно да се користи и/или да се поседува број на лиценца PEFC. За други цели, Советот за ОСШ може да дозволи еднократна употреба на PEFC трговската марка надвор од производот на корисници без индивидуален број на лиценца (на пр. реализација на настани) под следниве услови:

а) оваа лиценца ќе биде ограничена на одредената употреба;

б) употребата нема да биде во спротивност со целите и доброто име на Советот на PEFC;

в) PEFC трговската марка ќе го користи бројот на лиценцата на Советот за ОСШ (PEFC/50-01-01);

г) одрекувањето „Репродуцирано со дозвола на Советот за ОСШ“ ќе биде поставено видливо, заедно со заштитните знаци на PEFC.

Апликацијата за еднократна употреба ќе биде подготвена на веб-страницата на Генераторот на етикети PEFC.

# Анекс 1: Договор за употреба на PEFC трговска марка – корисничка група Б: Ентитети сертифицирани за Одржливо стопанисување со шумите (ОСШ)

Помеѓу

(1) Советот за одржливо стопанисување со шумите во РМ, со своја адреса на ......................

и

(2) [Ентитетот корисник], во текстот понатака "корисник на трговска марка", со своја адреса на ______________________________.

Таму каде што корисникот на трговска марка е во група на корисници [име на групата (пример Б – сопственици/кориснинци на шума, како што е дефинирано во PEFC ST 2001, Правила за употреба на трговска марка.

Со оглед на тоа што секоја од организациите споменати како корисник на трговската марка е солидарно одговорна за исполнувањето на сите права и обврски од овој договор. Доколку една од организациите не исполни барање и/или договорот е суспендиран или раскинат на една од организациите учеснички, договорот ќе биде суспендиран или раскинат за сите организации дефинирани како корисници на трговската марка.

Таму каде што Советот на PEFC е сопственик на трговската марка, која е регистрирана;

Логото и PEFC иницијалите;

Таму каде што Советот за ОСШ кој делува во Северна Македонија во име на Советот на PEFC;

Таму каде што корисникот на трговска марка има дозвола за употреба на PEFC марката со број [број на PEFC дозволата] и истата смее да ја употребува во согласност со PEFC Trademarks Rules - PEFC ST 2001, Правила за употреба на трговска марка и според овој Договор;

Гореспоменатите страни се договорија за следното:

**Член 1: Нормативни референци**
1. Овие нормативни референци се дел од договорната документација и се наоѓаат на веб-страницата на PEFC: PEFC ST 2001, Trademarks Rules – Requirements

2. Овие нормативни референци се валидни како што е наведено сега и може одвреме-навреме да се менуваат од Советот на PEFC.

**Член 2: Толкувања на дефинициите од PEFC ST 2001, Trademarks Rules – Requirements за целите на овој договор**

1. Употреба надвор од производот
Употребата на PEFC трговската марка, различна од употреба на производот, што не се однесува на одреден производ или потеклото на суровината во PEFC сертифицирана шума.

2. Употреба на производ
Употребата на PEFC трговската марка во однос на PEFC сертифицираниот материјал на производот или што може да биде сфатен или разбран од купувачите или јавноста како што се

однесува на PEFC сертифициран материјал. Користењето на производот може да биде директно (кога заштитните знаци PEFC се ставаат на материјални производи) или индиректно (заштитните знаци се однесуваат на материјални производи, иако тие не се директно поставени на производот).

**Член 3: Сопственост на PEFC трговска марка**
1. Советот на PEFC ги поседува правата на трговската марка: логото на PEFC и кратенката "PEFC". Неавторизирана употреба на PEFC трговската марка е забранета. Советот на PEFC го задржува правото да преземе правни дејствија во случаи на неовластена употреба.

**Член 4: Одговорности на корисникот на трговска марка**
1. Корисникот на трговска марка е должен истата да ја користи во согласност со PEFC ST 2001, Trademarks Rules, како што е наведено сега и како што може одвреме-навреме да биде изменето од Советот на PEFC.

2. Корисниците на заштитните марки се (е) одговорни да се информираат и да ја приспособат употребата на какви било промени на овој стандард спроведени од Советот на PEFC.

3. Корисникот на трговска марка е должен да го информира Советот за ОСШ итно и вистинито за секоја промена во однос на податоците за идентификација на корисникот на марката и неговиот статус на сертификација.

4. Корисникот на трговска марка кој е сертифициран со препознаен PEFC сертификат за ОСШ може да има обврска, на барање на Советот за ОСШ, да достави листа на употреба на PEFC трговска марка надвор од самите производи.

**Член 5: Одговорности на Советот за ОСШ**
1. Советот за ОСШ е должен да го информира корисникот на трговската марка за секоја промена во регулативата и документацијата која се однесува на PEFC трговската марка која се однесува на содржината на овој договор на неговата последно доставена меил адреса. Доколку корисниците на трговската марка не ја прифаќаат измената, тие можат да го раскинат договорот, според член 7, клаузула 1.

2. Советот за ОСШ е должен да му обезбеди на корисникот на трговската марка пристап до PEFC Генераторот на етикета во рок од две недели од потпишување на договорот од двете страни.

**Член 6: Казни**
1. Советот за ОСШ може да изрече договорна казна во швајцарски франци (CHF) во височина од една петтина од пазарната вредност на производите на кои се однесуваат неовластената примена на трговската марка, освен ако корисникот на трговската марка докаже дека таквата неовластена употреба била ненамерна. Во вториот случај, казната ќе биде ограничена на 15.000 CHF во валутата што се користи во Северна Македонија.

2. Советот за ОСШ има право да ја измени висината на казната што се бара за употреба на трговската марка на PEFC во спротивност со договорот. Промената ќе стапи на сила во договорот помеѓу Советот за ОСШ и корисникот деведесет (90) дена откако првиот писмено ќе го извести вториот за промената.

**Член 7: Раскин на договорот**
1. Секоја од страните може да го раскине овој договор со пимено известување во рок од три месеци пред раскин на договорот.

2. Советот за ОСШ може привремено да го отповика договорот со непосреден ефект додека се истражува сомнеж за непочитување на договорот или одредбите од PEFC ST 2001, Правила за трговски марки - Барања.

3. Во случај на наод за злоупотреба или сомнеж за злоупотреба, Советот за ОСШ испраќа писмено барање до корисникот на трговската марка за објаснување и нотификација за привремено повлекување на договорот на последно познатата меил адреса на корисникот. Корисникот на трговската марка има две (2) недели од датумот на испраќање на е-поштата за да го потврди приемот и да даде објаснување до Советот за SFM. Привременото повлекување може да трае максимално еден месец од моментот кога корисникот на трговската марка доставил објаснување во врска со сомнението до Советот за ОСШ, кое ќе го истражи случајот. Доколку се потврди злоупотребата, привременото отповикување ќе се продолжи за уште еден период од три (3) месеци. Во текот на овие три (3) месеци, корисникот на трговската марка ќе спроведе корективни мерки за решавање на злоупотребата. По овие три (3) месеци, Советот за ОСШ ќе ги испита спроведените корективни мерки и резултатот и може или да ја смени одлуката за привремено отповикување на договорот или може да одлучи дефинитивно да го раскине договорот за употреба на трговската марка. Во двата случаи, Советот за ОСШ писмено ќе го извести корисникот за својата одлука.

4. Како дел од истрагата за сомнеж, Советот за ОСШ го задржува правото да изврши (самиот или да наложи трето лице да дејствува во негово име) проверка на лице место на операциите на корисникот на трговската марка, ако примил жалба од трето лице или ако Советот за ОСШ има причини да верува дека договорот е прекршен. Корисникот на трговската марка сноси одговорност за трошоците за наведената проверка и сите други штетни ефекти.

5. Советот за ОСШ може привремено да го отповика договорот со непосреден ефект кога постои сомневање за злоупотреба на сертификатот за одржливо стопанисување со шумите од страна на корисникот што ги истражува сертификациското тело. Суспензијата ќе трае додека телото за сертификација не ја заврши истрагата. Ако сертификациското тело одлучи да ги задржи сертифицирани корисниците на трговската марка, договорот за користење на трговската марка ќе биде вратен. Во спротивно, овој договор за користење на трговската марка ќе биде раскинат на истиот датум како и сертификатот.

6. Советот за ОСШ може да го раскине договорот со непосреден ефект доколку постојат причини да се верува дека некој од условите на договорот или PEFC ST 2001, Правила за трговската марка – Барања во неговата валидна верзија не се почитуваат; или корисникот на заштитни знаци може да донесе лоша слика за PEFC.

7. Повлекувањето или престанокот на важноста на признаен PEFC сертификат за стопанисување со шуми ќе резултира со автоматско повлекување или раскинување на договорот за користење на PEFC трговската марка со ефект на истиот датум како и повлекувањето или престанокот на важноста на сертификатот за стопанисување со шумите.

8. Суспендирањето на признаен PEFC сертификат за стопанисување со шуми ќе резултира со автоматско суспендирање на договорот за употреба на PEFC трговската марка со важност од истиот датум како и суспензијата на важноста на сертификатот за стопанисување со шумите, додека не се укине суспензијата. Ако суспензијата се укине и сертификатот е повторно валиден, овој договор повторно ќе важи на истиот датум како и сертификатот. Доколку суспензијата се претвори во раскинување или повлекување на сертификатот, овој договор автоматски ќе се раскине од истиот датум на раскинување или повлекување на сертификатот.

9. Советот за ОСШ не е обврзан да плаќа надоместок за какви било трошоци или други штети што привременото отповикување или прекинување го предизвикува на корисниците на PEFC трговската марка.

**Член 8: Третман на податоци**

1. Со цел да се издаде лиценца за користење на трговска марка, Советот за ОСШ може да собира некои лични податоци за корисниците на трговска марка. Собраните лични податоци вклучуваат: полно име на лицето за контакт, адреса на е-пошта и телефонски број. Овие информации се неопходни за нормално функционирање на системот за сертификација PEFC. Тие се јавно достапни на веб-страниците на PEFC (веб-страници на Советот на PEFC и веб-страници на Советот за ОСШ), а PEFC може да ги сподели со трети страни ограничени на и исклучиво за целите на сертификација. Овие податоци се неопходни за да се обезбеди функционирање на системот за сертификација по PEFC, како што е следење на валидноста на лиценците за употреба на заштитни знаци и сертифицираните производи, од страна на потрошувачите и трети лица.

2. Личните податоци за корисниците на трговска марка се чуваат јавно пет (5) години по завршувањето на важноста на лиценцата за користење на трговската марка. Податоците потоа ќе се складираат во внатрешна база на податоци за да се следат лиценците. На барање, Советот за ОСШ може да им даде на корисниците на трговската марка информации за личните податоци што ги поседува. Корисниците на трговската марка имаат право да пристапат или да ги потврдат нивните лични податоци и да ги изменат, коригираат или избришат во секое време. Доколку корисниците на трговската марка би сакале да остварат едно од овие права за заштита на податоците, може да контактираат со PEFC на request@pefc.org.
3. Со потпишувањето на овој договор, корисниците на трговската марка се согласуваат со оваа процедура за третман на податоци. Во случај корисникот на трговската марка да не сака овие информации да бидат јавно достапни, лиценцата ќе се откаже.
4. Дополнителни информации за третманот на податоците на PEFC се достапни од Советот на PEFC.

**Член 9: Важност  на договорот**

1. Договорот влегува во сила кога ќе биде потпишан и од двете страни и останува валиден додека е валиден и сертификатот, освен ако не е укинат согласно член 7.

**Член 10: Арбитража**

1. Овој договор е предмет на законите во Северна Македонија.

2. Било какви недоразбирања кои произлегуваат од содржината на овој договор мора да се разрешат пред судските инстанци во Северна Македонија.

Потпишано во 2 примероци.

| | |
|---|---|
| Во на | Во на |
| За и во име на<br>Советот за ОСШ во РМ | За и во име на<br>корисникот на трговска марка |
| _________________________ | _________________________ |